# ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Почитувани читатели,

Во периодот помеѓу двата броја од меѓународното научно списание „Безбедносни дијалози" постигнати се видни резултатит на полето на меѓународното индексирање и вреднување. Имено, престижната база Индекс Коперникус го вреднувала списанието за 2013 година со индекс 4,37 ICV, што во споредба со индексот од претходната година (3,97 ICV) претставува своевиден прогрес. Исто така, списанието е индексирано во базата на списанија со отворен пристап Journal for free (J4F) која содржи преку 8.000 списанија со отворен пристап. Процесот на евалуација на „Безбедносни дијалози" е отпочнат во реномираната база за индексации Advanced Science Index (ASI). Од февруари оваа година списанието е член на престижната европска база за референтен индекс на хуманистички и општествени науки (ERIH PLUS) која е креирана од европските истражувачи во координација на Европската научна фондација (ESF).

Почитувани читатели, во бројот кој е пред вас, ќе можете да прочитате исклучително интересни научни анализи соодветни за научните полиња кои се обработуваат во самото списание. Првиот труд се однесува на преиспитувањето на воената дипломатија за остварување на стратешки цели. Следува труд кој ја објаснува и научно истражува класичната и неокласичната геополитичка мисла. Во продолжение ќе можат да се прочитаат текстови кои се однесуваат на приватните воени компании и безбедноста, етничкиот состав на населението околу водните извори како внатрешна безбедносна закана во Македонија, мерките за градење на доверба во разрешување на конфликтот во Република Македонија од 2001 година, социјалната оддалеченост на граѓаните на Република Македонија од Евреите, трговијата со жени за сексуални цели во Непал, како некои маѓународни договори помагаат и придонесуваат во борбата против трговијата со жени, создавање и развој на воена организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот и илинденскиот период како и за процесот на демократизација на воената власт по револуцијата во Египет.

Со почит,
Проф. д-р Тони Милески
Главен и одговорен уредник

# PREFACE BY EDITOR

Dear readers,

Between the two numbers of the international scientific journal "Security Dialogues" outcome achieved prominent in the field of international indexing and evaluation. Namely, the prestigious base Index Copernicus journal valued the 2013 index 4,37 ICV, as compared with the index of the previous year (3,97 ICV) is a kind of progress. Also, the journal is indexed in the base of open access journals, Journal for free (J4F) which contains over 8,000 Open Access Journals. The evaluation process of the "Security Dialogues" has started in the renowned base indexation Advanced Science Index (ASI). Since February this year, the journal is a member of the prestigious European base for reference index of humanities and social sciences (ERIH PLUS) which was created by European explorers in the coordination of the European Science Foundation (ESF).

Dear readers, the number that is in front of you, you can read an extremely interesting scientific analysis appropriate scientific fields that are processed in the magazine itself. The first paper concerning the review of military diplomacy to achieve strategic goals. Following paper that explains the science explores classical and neoclassical geopolitical thought. Below you can read articles relating to private military and security companies, the ethnic composition of the population around water sources as internal security threat in Macedonia, measures for building confidence in resolving the conflict in the country since 2001, the social distance the citizens of the Republic of Macedonia by the Jews, trafficking of women for sexual purposes in Nepal, as some deriving from international agreements and help contribute to the fight against trafficking in women, the creation and development of the military organization of the Macedonian national revolutionary movement in front of linden and linden period as and the process of democratization of the military government after the revolution in Egypt.

Sincerely,
Professor Toni Mileski, Ph.D.
Editor in Chief